ПРЕДЛАГАЧ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, Декември 2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: 27. 12. 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 6414/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за инспекциски надзор во животната средина, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски

Тони Јаревски

Велија С. Серафимовски

Билјана Кузманоска

Петар Шорков

Рашела Мизрахи

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Со Предлогот на закон за дополнување на Законот за инспекциски надзор во животната средина, се врши усогласување со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

Исто така, се допрецизираат условите за именување на лице за директор на Државниот инспекторат за животна средина, како и времетраењето на неговиот мандат.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за дополнување на Законот за инспекциски надзор во животната средина, се врши усогласување со член 28 точка 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Северна Македонија бр.121/2024), односно Државниот инспекторат за животна средина престанува да има својство на правно лице со прва буџетска линија и продолжува да работи како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за инспекциски надзор во животната средина не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства. Предлогот на закон за дополнување на Законот за инспекциски надзор во животната средина не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Во Законот за инспекциски надзор во животната средина(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/2022), по членот 7 се додаваат два нови члена 7-а и 7-б кои гласи:

„ Член 7-а

Раководење со Државниот инспекторат за животна средина

(1) Државниот инспекторат за животна средина го раководи директор кој именува Владата на Република Северна Македонија.

(2) Јавниот оглас за избор на директор се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За својата работа и за работата на Државниот инспекторат за животна средина, директорот одговара пред Владата на Република Северна Македонија.

(4) Мандатот на директорот трае четири години.

Член 7-б

Услови за именување на директорот

(1) За именување на директорот на Државниот инспекторат за животна средина се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) За директор на Државниот инспекторат за животна средина може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4) има минимум пет години педагошко работно искуство во воспитанието и образованието и

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“.

Член 2

Овој закон влегува во сила од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлогот по членот 7 се додаваат два нови члена 7-а и 7-б со кои се уредува раководењето со Државниот инспекторат за животна средина и со кој се пропишуваат условите за именување на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на овој закон чиј рок е од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предлагањето на Законот за изменување на Законот за инспекциски надзор во животната средина се врши усогласување со член 28 точка 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Северна Македонија бр.121/2024).